**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-35/1**
**06.02.2024 година**
**Битола**

| ООУ „Св. Кирил и Методиј“ - Битола | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 27 до 29.11.2023 година |
| **Број на извештај:** | 14/пелагониски/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Кочо Прчковски |
| **Вид на училиштето:** | основно училиште |
| **Број на ПУ** | 1 (едно) |
| **Основач на училиштето:** | Општина Битола |
| **Наставен јазик:** | македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 411 |
| **Полова структура на ученици:** | 214 машки и 197 женски |
| **Број на наставници:** | 37 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Димче Стефановски |
| **ВД Директор на училиштето:** | Жанета Тошеска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 26 до 28.03 .2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул. Булевар 1-ви Мај бр.274 |
| **Телефон:** | 047-237 222 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | sv.kim.bitola@gmail.com. |
| **Оценка од ИЕ** | **2,93 добро** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

# РЕЗИМЕ

Врз основа на Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за Просветна инспекција од 27 до 29.11.2023 година, тим од (тројца) 3 државни просветни инспектори, спроведе интегрална евалуација во основното општинска училиште „Св. Кирил и Методиј” од Битола. Во текот на тридневната посета, државните просветни инспектори имаа средба со претставници од Училишниот одбор, Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишната заедница. Се изврши посета во подрачното училиште (ПУ) и беа посетени наставни часови кај наставници како во централното исто и во ПУ, кои реализираа настава во деновите кога се спроведуваше интегралната евалуација.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ „Св. Кирил и Методиј” од Битола е **2,93 добро.**

Воспитно образовната работа во ООУ „Св Кирил и Методиј“ – Битола се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование, наставните програми по Кембрич (математика и биологија од VII одделение до IX одделение како и хемија и физика во VIII одделение и IX одделение ), како и за учениците од I до VI одделение по Концепцијата за основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со програмските документи кои се изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука.

Наставната програма по физичко и здравствено образование во централното училиште се реализира во училишниот двор, а кога не се добри условите во прилагодени простории. Во ПУ наставата по физичко и здравствено образование се реализира во прилагодени услови.

Училиштето дава подршка во реализацијата на повеќе проекти.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим кој во склоп на Годишната програма за работа има сопствена програма за работа. Во училиштето се идентификувани 2 ученици со ПОП за кои е формиран инклузивен тим за секој ученик посебно.

Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план го избираат учениците во согласност со нивните родители.

За развивање на различните интереси на учениците, во основното училиште се организираат вонннаставни активности согласно Концепцијата за воннаставни активности. Учениците во воннаставните активности се вклучуваат доброволно.

Воннаставните активности опфаќаа:

1) Училишен спорт

2) Секции и слободни ученички активности

3) Научни ученички клубови

4) Акции

5) Излети и екскурзии

6) Ученички натпревари .

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат полугодишни квартални и годишни извештаи од страна на стручната служба, во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, образовни периоди, паралелки и наставни предмети, исто по општ успех и по националност.

Изготвените анализи покажуваат дека средниот успех на учениците за последните три учебни години изнесува: 4,59 за учебната 2020/2021 година, 4,52 за учебната 2021/2022 година и за учебната 2022/2023 средниот успех е 4,51.

Во училиштето се спроведува советување на родители од страна на психологот после секој одделенски совет, за што се води уредна евиденција.

Учениците учествуваат на натпревари кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво.

Училиштето има податоци за опфатот на учениците и ги опфаќа учениците од својот реон. Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

Во училиштето во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината.

Годишните и тематските планирањата на наставниците се доставуваат до стручната служба до 15 септември за тековната учебната година. Доставувањето на планирањата на наставниците е навремено. Континуирано се следат планирањата од стручната служба –педагог во училиштето и комисија од одделенски и предметен наставник.

Сите наставници изготвуваат годишни, тематски планирања и дневни подготовки, додека наставниците од I до VI одделение изготвуваат годишна програма, неделни планирања и сценарио за наставен час. Планирањата на наставници ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставата. Освен за редовната настава наставниците имаат изготвено планови за додатна настава, дополнителна настава, и според според потребите и планирања за слободни ученички активности. За наставните предмети: математика и биологија од VII одделение до IX одделение, како и хемија и физика во VIII одделение и IX одделение се користат адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ.

Поголем број од наставниците се трудат да реализираат наставата интерактивно применувајќи различни наставни форми и методи, техники на учење, техники на оценување, но во училиштето преовладува традиционална настава. Тие се трудат да работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка. Недостатокот на компјутерската опрема претставува проблем за реализацијата на наставата.

Приодот и однесувањето на наставниците кон учениците е добар.

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.

За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите.

Инфраструктурата во ООУ „Св. Кирил и Методиј“ - Битола е добра, и во основното и во подрачното училиште во с. Логоварди. Истата е безбедна и нема место што претставува

потенцијална опасност од повреда на учениците. Наставата се изведува во училници и кабинети, кои ги задоволуваат училишните стандарди.

Основното училиште се наоѓа централното градско јадро и на влезот е поставена заштитна ограда. Училишниот двор е целосно ограден.

Организиран е дневен (продолжен) престој во основното училиште, за прифаќање на ученици од прво до трето одделение. Учениците се прифатени еден час пред и после наставата, според проширена програма на училиштето и одреден распоред на наставници.

За оваа учебна година сите училишни објекти се осигурани и училиштето има спроведено постапка за осигурување на вработените лица и учениците. Во училиштето има обучено 2 вработени лица за давање на прва помош на лица при несреќи и на 2 места има материјал за давање на прва помош. Училиштето има изготвено План на мерки и активности за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. На видни места има поставено предупредувања. Оваа учебна година изведена е симулација за постапување во случај на пожар.

Во 2022 год. во училиштето се спровело обука на вработените за заштита при работа. Громобранската инсталација не е проверувана во последните години, ни во основното училиште ни во подрачното училиште. Во основното училиште нема хидранти, а во ПУ с. Логоварди има 1 хидрант. Училиштето располага со 5 против пожарни апарати, кои се сервисирани во октомври 2023 година.

Пристапот во училишните згради не е прилагоден за влез на лица со физички хендикеп, односно нема поставено пристапна рампа. Оваа учебна година нема ученик или вработен со физички хендикеп.

Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства.

Во текот на оваа учебна година е извршена дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Програмата за професионална ориентација на учениците.

Со учениците од деветто одделение, се организираат активности од Професионална ориентација, а во соработка со АВРСМ. Средните училишта, при посета на училиштето, преку презентации, флаери и брошури ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во средното образование.

Училиштето ООУ „Св. Кирил и Методиј“ – Битола има добар углед и во своето опкружување е препознатливо по својот наставен кадар, по постигањата на учениците во воннаставните активности и по добрата интеракција наставник-родител.

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, ја поддржува етничката различност, и ги вклучува поголемиот број од учениците и дел од родителите во училишниот живот. Училиштето е инклузивно.

Училиштето располага со Куќен ред. Исто така во училиштето се донесени Кодекси на однесување на ученици, родители и наставници за време на наставата. Во училиштето има и Кодекс на облекување. Истите добро се почитуваат.

Учениците и вработените ги почитуваат демократски усвоените правила на однесување на училиштето. Задоволни се од работната атмосфера која се обезбедува за време на наставата и

вонаставните активности. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците во училишниот простор, за време на одморите, за време на нивното доаѓање и заминување од училиштето.

Училиштето добро презема активности за да ги промовира постигањата на учениците.

Соработката со најголемиот број родители училиштето ја остварува преку индивидуалните и групните родителски средби. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето организирало термини по даден распоред за средби на родителите со наставниците.

Училиштето активно е вклучено во животот на општина Битола преку спроведување на многубројни заеднички активности, во соработка со голем број јавни установи во општината, како и проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.

Училиштето добро соработува со деловната заедница од Битола во насока на обезбедување на средства за подобрување на условите за работа на училиштето и за реализирање на вонаставните активности. Таков е примерот со: ЈП Комуналец -Битола, РЕК-Битола, IW Connect, и др. Училиштето соработува и со Здружението „YMKA“ и др.

Училиштето добро располага со потребниот број нагледни средства и други технички помагала. Во училиштето нема компјутери за потреби на наставата. Во три училници има поставено 3 интерактивни СМАРТ табли. А за потребите на наставата наставниците користат сопствени лаптопи. Освен тоа, училиштето добро располага со принтери и друга помошна технологија и потрошен материјал. Во основното училиштето има безжичен wi-fi интернет во целиот училишен простор, а во подрачното училиште нема wifi интернет.

Кабинетот по природни науки минатата учебна година е опремен со соодветна опрема, апарати и потрошен материјал. Постои потреба од негово доопремување со опрема за експериментална настава и негово инфраструктурно уредување.

Училишната библиотека е уредна и опремена со неопходен инвентар, располага со 1 компјутер и има интернет сигнал.

Во училиштето добро се следат потребите на наставниците за професионален развој. Има План за професионален развој на наставниците и стручните соработници со конкретизирани активности. Наставниците поседуваат лични планови за професионален и кариерен развој.

Во учебната 2023-24 година има еден наставник-приправник и за истиот има определено ментор и изготвено програма.

Училиштето секоја година донесува финансов план како и извештај за финансиското работење на училиштето со одлука на Училишниот одбор. Во училиштето има формирано комисија за јавни набавки. Истата спроведува јавни набавки од мала и голема вредност. Во училиштето нема лице со лиценца за јавни набавки, и се ангажира надворешно лице за оваа потреба. Финансиското работење е транспарентно и домаќинско.

Училишниот одбор (УО) е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Членовите на УО се со легитимен мандат, но немаат сите членови поминато обука за својата работа. Од членовите кои биле на обука извршена е дисиминација на останатите членови. Претседател на УО е родител.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, В.Д. директорот и локалната самоуправа е на добро ниво.

В.Д. директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа број 01-180/4 од 11.08.2023 година, истата не е усвоена од Советот на општина Битола, а на училиштето е доставен Записник број 0914-128/2 од 14.09.2023 година од Работно тело за усогласување на ставовите за програмите за работа на основните училишта во Општина Битола, на која е донесена едногласна одлука дека согласно Законот за основното образование член 49 став 7, 8 и 9 доколку годишната програма за работа на основните училишта, основачот не ја донесе до 31.08.2023 година истата се смета дека е донесена.

Има формирано тим за меѓуетничка интеграција со решение број 02-321/1 од30.08.2022 година. Партнер училишта за меѓуетничка интеграција нема.

Во склоп на Годишната програма за работа на училиштето има прилог на Програмата за работа за меѓуетничка интеграција за 2023/24 година. Се реализираат самостојни активности на ниво на паралелка

Училиштето има изработено Самоевалуација за период од две години број 01-255/6 од 24.10.2023 година, кој ја изработил комисија на училиштето, формирана со Одлука број 02-180/7 од 11.08.2023 година и извештај за спроведената самоевалуација бр. 02-255/7 од 24.10.2023 година , кој е доставен до Државниот испитен центар

Училиштето има изготвено Програма за развој за период од четири години 2022-2026 број 01-229/3 од 05.11.2021 година,

Во училиштето формиран е инклузивен тим за работа со деца со посебни потреби со Одлука број 02-231/3 од 12.10.2022 година кој има изработено Програма за работа за 2023/24 година . Во училиштето има две деца со наод и мислење за функционална проценка од Стручно тело за функционална проценка. За двете деца со МКФ има обезбедено образовен асистент кој работи во настава. За работа со деца со посебни потреби во предметна настава секој предметен наставник има изработено индувидуален образовен план со помош на стручен соработник, директор, специјален едукатор и рехабилитатор и родител, додека за ученикот со посебни образовни потреби во одделенска настава се работи со модифицирана програма изработена од одделенски наставник со помош на специјален едукатор и рехабилитатор, предметни наставници, стручни соработници , образовен асистент и родител. За ова училиштето соработува со Ресурсен центар „Кочо Рацин“ - Битола. За децата со посебни образовни потреби има одлука за формиран инклузивен тим за секое дете посебно. Исто има и две деца од кои едно е со посебни потреби комбинирани пречки и ученик со емоционални проблеми. Се води уредна евиденција од работата со овие ученици.

Училиштето има регистрирано Училишен спортски клуб „Св. Кирил и Методиј“ - Битола со решение во Централен региста 30420210000461 од 19.05.2021 година.

ООУ„Св. Кирил и Методиј“ - Битола има Статут број 01-57/3 од 16.03.2020 година, за кој има согласност од МОН број УП1 18-688 од 11.03.2020 година.

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ „Св. Кирил и Методиј“ - Битола е се наоѓа во централното градско подрачје и гравитира во три месни заедници и тоа МЗ „Блаже Рогузинаро", МЗ „Александар Турунџев", и МЗ „Коле

Канински". Објектот во кој е сместено училиштето датира од 1863 година, изграден за време на турското ропство. Објектот бил изграден со доброволна работа на македонското население и парични средства на 36 еснафи од Битола. Еден од учителите кој работел во тоа време бил истакнатиот македонски револуционер Даме Груев, а во годините 1900/01 година како учител во училиштето работел и творел и познатиот македонски револуционер Ѓорѓи Сугарев.

Во својата воспитно образовна дејност училиштето има постигнато видни резултати за што има добиено голем број на награди и признанија меѓу кои и највисоката Републичка награда „Климент Охридски“ доделена од Републичкиот комитет за образование, наука и спорт-Скопје, како и наградата „ 4-ти Ноември“ доделена од советот на општина Битола.

Воспитно образовниот процес во училиштето се остварува врз основа на наставни планови и програми за основно деветгодишно образование. Наставата во училиштето се изведува на македонски наставен јазик со вкупно 37 наставници, од кои 1 наставник ангажиран во продолжителен престој. Во учебната 2023/24 година, опфатени се вкупно 411 ученици, распоредени во 24 паралелки од I до IX одделение, од кои 2 се комбинирани паралелки во ПУ с.Логоварди.

Во состав на основното училиште работи едно подрачно училиште од I – V одд. во с. Логоварди, општина Битола.

Во училиштето се реализира проширена програма која опфаќа прифаќање и заштита на учениците од I до III одделение, еден час пред започнувањето и еден час по завршувањето на наставата. Исто така во училиштето има верификацика за основно образование за возрасни.

Училиштето е основано со решение бр. 9-1636 од 04.03.1963 година, како полно основно училиште донесено од Народен одбор на општина Битола.

Дејноста на училиштето е верифицирана со извештај бр.13-2141 од 03.07.1984 година, издадено од страна на Комисија за испитување на услови за верификација на воспитно образовната дејност на ООЗТ ЦОУ „Кирил и Методиј“ Битола. Училиштето е запишано во централниот регистар на РМ под дел.број 30420230000752 од 07.08.2023 година.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Воспитно образовната работа во ООУ„Св. Кирил И Методиј“ –Битола се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование, наставните програми по Кембрич (математика и биологија од VII одделение до IX одделение како и хемија и физика во VIII одделение и IX одделение), а за учениците од I до VI одделение по Концепцијата за основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со програмските документи кои се изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука.

Во ООУ „Св. Кирил и Методиј“ –Битола во централното училиште наставата се реализира во две, а подрачното училиште - во една смена.

Директорот и стручната служба на училиштето пред почетокот на учебната година, ги запознаваат наставниците со новините и измените во наставните планови и програми, а наставниците кои реализираат настава во I до VI одделение имаат посетено обука за реализација на наставата по новата Концепција за основно образование, каде се запознаваат со целите и задачите и другите елементи од наставните програми преку семинари, што ги организира Бирото за развој на образованието.

Наставната програма по физичко и здравствено образование во централното училиште се реализира во училишниот двор , а кога не се добри условите во прилагодени простории. Во ПУ наставата по физичко и здравствено образование се реализира во прилагодени услови. Наставата по физичко и здравствено образование во прво, второ, трето четврто и петто одделение се реализира во тандем одделенски наставник и наставник по физичко и здравствено образование. За учениците од прво и второ одделение нема обезбедено наставници по физичко и здравствено образование, поради не обезбедена согласност од основачот.

Училиштето дава подршка во реализацијата на :

- Програмите Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем,
- Проектот за меѓуетничка интеграција,
- Проектот математика со размислување развој на математичката и јазичната писменост во почетните одделенија,
- Менторство на наставници-наставници лидери,
- Програма за антикорупциска едукација на учениците,
- КРРП (Критичко размислување и решавање проблеми),
- Клуб за кодирање;
- Во подрачното училиште во с. Логоварди беше извршено засадување на садници и хортикултурно уредување на училишниот двор.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим кој во склоп на Годишната програма за работа има сопствена програма за работа. Во училиштето се идентификувани 2 ученици со ПОП. Сите наставници кои реализираат настава во паралелките каде се вклучени учениците со посебни образовни потреби, не се обучени за планирање и работа со овие ученици.

Раководителите на одделенијата на почетокот на учебната година ги запознаваат родителите со наставниот план и програми според кои се изведува наставата. Училиштето нема изработено брошура со која се запознаваат учениците и родителите за наставните планови и програми и другите активности на училиштето.

Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план го избираат учениците во согласност со нивните родители.

- Учениците од четврто, петто и шесто одделение според новата концепција, избираат од предложените слободни, изборни предмети во согласност со родителите и во прво полугодие го изучуваат предметот Образование за животни вештини од подрачјето за поддршка на личниот и социјалниот развој на ученикот, а во второто полугодие Цртање - сликање од подрачјето за проширување на знаењата од задолжителните предмети.

- На учениците од шесто за седмо одделение, училиштето им ги понуди следните изборни предмети: Воспитание за околината, Вештини за живеење, Техничко образование. Во согласност со родителите, учениците ги избраа предметите: Воспитание за околината, Вештини за живеење и Техничко образование.

- На учениците од седмо за осмо одделение, училиштето им ги понуди следните изборни предмети: Воспитание за околината, Вештини за живеење,. Програмирање. Во согласност со родителите, учениците ги избраа предметите: Воспитание за околината, Вештини за живеење, Програмирање.

- На учениците од осмо за деветто одделение, училиштето им ги понуди следните изборни предмети: Унапредување на здравјето, Проекти од информатика, Проекти од музичка уметност и Проекти од ликовната уметност Во согласност со родителите, учениците ги избраа предметите: Унапредување на здравјето, Проекти од музичка уметност, Проекти од информатика и Проекти од ликовната уметност .

Со изборните предмети во основното училиште, на учениците им се нуди можност да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети.

Во училиштето се изучуваат следните изборни предмети:

- IV одделение прво полугодие Сликање/Цртање/Вајарство
  второ полугодие Образование за животни вештини
- V одделение прво полугодие Оригами, Мултиетнички работилници
  второ полугодие Градење интерперсонални однпоси
- VI одделение прво полугодие Архитектура и градежништво
  второ полугодие Религиите во светот
- VII одделение Техничко образование,
  Вештини за живеење
  Воспитание за околината
- VIII одделение Вештини за живеење
  Воспитание за околината
  Проекти од информатика
- IX одделение Проекти од информатика
  Проекти од музичка уметност
  Проекти од ликовна уметност
  Унапредување на здравјето.

Во училиштето втор странски јазик се избира меѓу француски и германски јазик.

Како резултат на потребите на учениците и родителите и законската обврска на училиштето се организира проширена програма за учениците од одделенска настава. Истата се реализира организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред почетокот на наставата и еден час

по завршувањето на наставата, во согласност со потребите на родителите според изготвен распоред за времето и училницата за прифаќање.

### 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања, како и оперативен план за наставен час во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето. За учениците од I до VI одделение се изработува: годишни планирања, неделни планирања и сценарио за наставен час. Планирањата на наставниците континуирано се следат од страна на стручната служба во училиштето.

Од разгледувањето на планирањата на наставниците кои се следат од педагогот се утврди дека планирањата (годишни, тематски, неделни) се согласно наставните програми навреме доставени и прегледани. Но, мал е бројот на наставници кои имаат изработено и предадено критериуми за оценување, како и планирање за МИО активности во наставата.

Наставниците ги евидентираат реализираните обуки во професионалното досие, а истото го проверува стручната служба.

### 1.3. Вонпаставни активности

За развивање на различните интереси на учениците, во основното училиште се организираат вонпаставни активности согласно Концепцијата за вонпаставни активности. Учениците во вонпаставните активности се вклучуваат доброволно.

Вонпаставните активности опфаќаа: училишен спорт, секции и слободни ученички активности, научни ученички клубови, акции, излети и екскурзии ,ученички натпревари.

1) Училишен спорт

Во склоп на спортската секција се реализира :

- Кошарка,
- Ракомет,
- Фудбал,
- Одбојка,
- Шах,
- Пинг понг,
- Скијање,
- Велосипедизам,
- Крос.

2) Во училиштето се реализираа следните секции:

- Цвеќарска секција,
- Еко секција,
- Ликовна секција,
- Литературна секција,
- Фолклорна секција,
- Литературно-рецитаторска секција,
- Новинарска секција,
- Информатичко- техничка секција,
- Сообраќајна секција,
- Библиотекарска секција,
- Француска секција.

3) Научни ученички клубови :
- Историски Клуб,
- Млади истражувачи- географија,
- Млади физичари,
- Млади хемичари – GLOBE,
- НАУК биологија,
- Млади математичари,
- Живиот свет околу нас,
- Млади лингвисти,
- Загрозени видови животни,
- Млади германисти,
- Спортски клуб.

4) Акциите се краткотрајни воннаставни активности кои се реализираат во текот на еден ден или неколку дена. Такви акции се:
- Хуманитарна акција за собирање храна по повод Денот за борба против гладта,
- Новогодишен продажен базар,
- Велигденски саем - велигденско јајце за книга,
- Еколошки акции за чистење на училиштето и дворот,
- Акции „Направи уметничко дело од отпад“,
- Волонтерска соработка со организацијата на „Црвен Крст“ ,
- соработка со други основни и средни училишта.

5) Излети и екскурзии

Излетите и екскурзиите се организираат со цел да се продлабочат и прошират знаењата на учениците од одделни воспитно образовни подрачја и наставни предмети или за спортување, рекреација и дружење. Најчесто училиштето прави комбинација за проширување на знаењата и забава и рекреација.

Во прилог на Годишната програма за работа на училиштето е и Годишната програма. за екскурзии и излети. Истите се планираат но недоволно се реализираат поради слаб интерес на учениците.

6) Натпревари

Училиштето учествува на општински, регионални и државни натпревари.

Во последните три години се учествувало и постигнати се резултати на натпревари по:

На општински натпевари има освоено места по:
- Природни науки,
- Математика,
- Англиски јазик,
- Физика,
- Биологија,
- Хемија.

На регионални натпревари има освоено места по:
- Природни науки,
- Математика,
- Англиски јазик,

- Физика,
- Биологија,
- Хемија,
- Спорт.

На државни натпревари има освоено места по:

- Природни науки,
- Хемија,
- Физика,
- Математика,
- Спорт.

5) За Ученичкото организирање се остварува преку ученички тела и тоа заедници на паралелките и Ученички парламент кој има план и програма за рабпот и кој го сочинуваат претседател на Ученичкиот парламент, заменик и секретар и координатори на ниво на одделение. Претседателот на Ученичкиот парламент (Заедница на учениците на ниво на училиште) се избира со тајно гласање демократски со мнозинство на гласови. Во училиштето има ученик правобранител, избран по спроведена процедура.

Училиштето има регистрирано Училишен спортски клуб „Св. Кирил и Методиј“ Битола кој е регистриран во Централен регистар.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат полугодишни квартални и годишни извештаи од страна на стручната служба, во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, образовни периоди, паралелки и наставни предмети, исто по општ успех и по националност.

Во однос на запишани ученици во училиштето може да се констатира дека вкупниот број на ученици во 2020/21 година е 443, а завршиле 440, во 2021/22 година е 430 а завршиле 430 и во 2022/23 година бројот на запишани ученици е 425, а завршиле 422. Во оваа учебна 2023/24 година бројот на запишани ученици е 411.

Изготвените анализи покажуваат дека средниот успех на учениците за последните три учебни години изнесува: 4,59 за учебната 2020/2021 година, 4,52 за учебната 2021/2022 година и за учебната 2022/2023 средниот успех е 4,51.

Во училиштето се спроведува советување на родители од страна на психологот после секој одделенски совет за што се води уредна евиденција.

Учениците учествуваат на натпревари кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво,.

Во последните три години имаат учество и освоено награди на општински, регионални државни натпревари.

## 2.2. Задржување/ осипување на учениците

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од својот реон и ги опфаќа учениците од својот реон. Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците.

Во однос на изостаноци на учениците во учебна 2020/21 година направени се вкупно 2679 или 6,09 по ученик, во учебна 2021/22 година направени се вкупно 2880 изостаноци или 6,70 по ученик и во учебната 2022/2023 година направени се вкупно 2638изостаноци или 6,23 по ученик.

Во однос на оценување по поведение во последните три години сите ученици се оценети со примерно поведение.

## 2.3. Повторување на учениците

Во училиштето во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирање на наставниците

Во училиштето постојат приоди за планирање на наставата и вонннаставните активности, додатна, дополнителна настава односно кога сите наставници треба планирањата да ги предадат кај стручната служба. За истото има изработено Процедура која се почитува .

Годишните и тематските планирањата на наставниците се доставуваат до стручната служба до 15 септември за тековната учебната година. Доставувањето на планирањата на наставниците е навремено. Континуирано се следат планирањата од стручната служба –педагог во училиштетето и комисија одделенски и предметен наставник.

Сите наставници изготвуваат годишни, тематски планирања и дневни подготовки, додека наставниците од I до VI одделение изготвуваат годишна програма, неделни планирања и сценарио за наставен час. Планирањата на наставници ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставата. Освен за редовната настава наставниците имаат изготвено планови за додатна настава, дополнителна настава, и според според потребите и планирања за слободни ученички активности. За наставните предмети: математика и биологија од VII одделение до IX одделение, како и хемија и физика во VIII одделение и IX одделение се користат адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим кој има изготвено програма за работа. Идентификувани се 2 ученици со посебни образовни потреби во учењето. Сите наставници кои реализираат настава во паралелки каде се вклучени децата со посебни образовни програми изготвуваат ИОП за предметна настава, а за одделенска настава се користи модифицирана програма.

Исто така постои и тим за меѓуетничка интеграција кој изготвува и работи по сопствена програма.

Во училиштето се изработува распоред за настава од страна на наставник по математика, педагогот на училиштето со поддршка на В.Д. директорот. Се изготвува распоред за редовна, додатна, дополнителна настава, а за слободните ученички активности по потреба се организираат по одредени термини. Распоредите се истакнати на огласна табла во наставничка канцеларија.

## 3.2. Наставен процес

Поголем број од наставниците се трудат да реализираат наставата интерактивно применувајќи различни наставни форми и методи, техники на учење, техники на оценување, но во училиштето преовладува традиционална настава. Тие се трудат да работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка. Недостатокот на компјутерска опрема претставува проблем за реализација на наставата.

Изборот на задачи и активности за време на часот кај поголемиот број на наставници е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат одобрени учебници.

Наставниците ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. По сите наставни предмети постои работна дисциплина и атмосфера на часовите.

Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол и социјално потекло.

Приодот и однесувањето на наставниците кон учениците е добар. Учениците се вклучуваат во најразлични активности без разлика на пол, социјална структура и успех. До стручната служба нема пријавено приговор од страна на ученик или родител во однос на однесувањето на наставник.

Училиштето има Протокол и процедура  за следење на наставниот процес од страна на директорот и стручната служба донесен на Наставнички совет. Најмалку по еднаш во полугодие сите наставници се посетуваат. При посета на наставата се води уредна евиденција, во која се евидентираат сите активности на часот, се дава повратна информација на наставниците.

Дополнителната и додатната настава и слободните ученички активности се реализираат согласно планирањата, афинитетите и потребите на учениците.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење.

Од разговорите со дел од учениците се дојде до сознание дека тие имаат можност за давање на иницијатива, согледување и решавање на заеднички проблеми, развивање и негување на другарски односи меѓу себе.

Од разгледување на прашалниците се дојде до сознание од учениците дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен, дека се што се учи е поврзано со секојдневието, применливо и корисно во реалниот живот и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество.

За време на наставните часови, наставниците превземаат активности за да ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници ги идентификуваат образовните потреби како и пречки во процесот на учење на учениците. Во училиштето учениците со посебни образовни потреби се вклучени во сите активности, како во наставни исто и во вонставни активности.

Училиштето ги ангажира учениците во воннаставни активности, општествено корисна работа, а постои и учеството на општински, регионални и државни натпревари, и учество на конкурси.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето, но не сите наставници имаат изработено сопствени критериуме за оценување кои се предаваат кај стручната служба во училиштето.

Во оценувањето на учениците се применуваат разновидни методи.

Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно.

Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање повратна информација на родителите и учениците за оценката.

За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тромесечие, и свидетелства на крајот на учебната година.

Наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е – Дневникот.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1. Севкупна грижа за учениците

Инфраструктурата во ООУ „Св. Кирил и Методиј“ - Битола е добра, и во основното и во подрачното училиште во с. Логоварди. Истата е безбедна и нема место што претставува потенцијална опасност од повреда на учениците. Наставата се изведува во училници и кабинети, кои ги задоволуваат училишните стандарди.

Основното училиште се наоѓа централното градско јадро и на влезот е поставена заштитна ограда. Училишниот двор е целосно ограден.

Организиран е дневен (продолжен) престој во основното училиште, за прифаќање на ученици од прво до трето одделение. Учениците се прифатени еден час пред и после наставата, според проширена програма на училиштето и одреден распоред на наставници.

Во соработка со општината е организиран превоз за 21 ученик од с.Логоварди.

За 2 ученици со посебни потреби училиштето обезбедило 2 образовни асистенти.

За талентирани и надарени ученици училиштето организира различни проекти, ги вклучува во секции и други активности. За ученици со потешкотии во учењето редовно се спроведува дополнителна настава, а добар број на наставници планираат и реализираат диференцирани активности на час. За учениците од прво одделение ангажиран е логопед, кој во еден ден доаѓа во училиштето и работи со учениците. Со ова наставниците се грижат за образовните потреби и можности на учениците.

За оваа учебна година сите училишни објекти се осигурани и училиштето има спроведено постапка за осигурување на вработените лица и учениците. Во училиштето има обучено 2 вработени лица за давање на прва помош на лица при несреќи и на 2 места има материјал за давање на прва помош. Училиштето има изготвено План на мерки и активности за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. На видни места има поставено предупредувања.

Училишните објекти не се под видео надзор и нема ноќен чувар. Обезбеден е мониторинг од агенција за обезбедување. Оваа учебна година изведена е симулација за постапување во случај на пожар. Во 2022 год. во училиштето се спровело обука на вработените за заштита при работа. Извршена е проценка на ризик на работните места. Извршено е и мерење на присуство на радон во училишните простории и наодите биле добри. Громобранската инсталација не е проверувана во последните години, ни во основното училиште ни во подрачното училиште. Во основното училиште нема хидранти, а во во ПУ с. Логоварди има 1 хидрант. Училиштето располага со 5 против пожарни апарати, кои се сервисирани во октомври 2023 година.

Пристапот во училишните згради не е прилагоден за влез на лица со физички хендикеп, односно нема поставено пристапна рампа. Оваа учебна година нема ученик или вработен со физички хендикеп.

За време на одморите се организираат дежурства по ходниците, од страна на наставниците по изготвен распоред, кој е истакнат на видно место. Наставниците влегуваат на време на час.

Во повеќето училници и кабинети има поставено завеси на прозорците, за подобра видливост на часот.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците. Учениците храна си носат од дома или купуваат од блиските продавници. Во училиштето преку работилници и предавања се промовира здравата храна.

Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во училишната зграда има истакнати забрани за пушење, алкохол и наркотици. Се реализираат работилници со учениците на овие теми, од страна на училишниот педагог и психолог, во соработка со МВР, Центар за јавно здравје -Битола и Црвен Крст. Во училиштето не се евидентирани појави на пушење и конзумирање на алкохол.

Во училиштето се забранува секаков вид на насилство. Во училиштето постои тим и програма за превенција од насилство. Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство од страна на учениците и возрасните. На одделенските часови се обработуваат теми за ненасилно однесување и мирно разрешување на конфликти, а од страна на стручната служба се организираат работилници и предавања. Во последните три години не се забележани сериозни појави на насилство.

Во училиштето има тим и програма за грижа за ученици од социјално загрозени семејства. Училиштето преку одделенските раководители и педагошко-стручната служба обезбедува материјални средства за 15 ученици, кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици. За социјално загрозени ученици во училиштето редовно се организираат хуманитарни акции од страна на вработените и учениците (храна, облека, обувки, училишен прибор). При ова училиштето соработува со Центарот за социјални работи-Битола.

Севкупната грижа на училиштето за учениците е добра.

### 4.2. Здравје

Во училниците, кабинетите и ходниците има корпи за отпадоци, а училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Отпадоците се селектираат.

Училиштето добро располага со средства за хигиена. Подовите во училниците, кабинетите, ходниците, скалите и санитариите, редовно се чистат. Во ученичките тоалети е чисто и најчесто има течен сапун. Одржувањето на хигиената во училниците, ходниците, канцелариите, санитарните јазли, училишните дворови, и во останатиот училишен простор е добро.

Во текот на оваа учебна година е извршена дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за грижата за здравјето на учениците, во која се планираат и потоа се реализираат редовните активности (вакцинации, систематски прегледи), како и предавања за здрав развој, здрава храна, заразни болести, болести на зависност, превенција од насилство итн., а во соработка со локални установи. Училиштето реализира и програма за менталното здравје на учениците.

Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски прегледи (систематски прегледи за учениците од I и VII одделение) и вакцини за учениците. За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат санитарни книшки. Се вршат и редовни систематски прегледи (на две години), за кои прегледи училиштето добива повратна информација за работната способност на вработените. Последниот систематски преглед на вработените е извршен во 2022 година.

Училиштето има процедура и реализира активности преку стручната служба и одделенските раководители, за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди, подолго време отсуствуваат од редовната настава. Најчесто со тие ученици соработката е on-line. Во оваа учебна година нема такви ученици.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Програмата за професионална ориентација на учениците.

Со учениците од деветто одделение, се организираат активности од Професионална ориентација, а во соработка со АВРСМ. Средните училишта, при посета на училиштето, преку презентации, флаери и брошури ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во средното образование. На отворените денови кои ги организираат средните училишта се врши презентација за образовните струки и профили кои се изучуваат во средните училишта. Учениците навремено се информирани за објавените конкурси за запишување на ученици во средното образование. Педагошко-стручната служба добро води евиденција каде учениците го продолжуваат средното образование.

Училиштето располага со тим и програма за грижа за ученици со емоционални потешкотии. Идентификувани се случаи на ученици со емоционални потешкотии, со кои во училиштето многу добро се спроведуваат соодветни мерки.

### 4.4. Следење на напредокот

Голем број на наставници во текот на наставниот час изготвуваат и применуваат инструменти за следење на напредокот на усвојување на наставната содржина. Поголем број наставници ги идентификуваат и го следат напредокот на учениците со потешкотии и надарените/талентирани ученици, во текот на редовната настава, како и во вонnаставните активности.

Сите наставници подготвуваат редовни извештаи за успехот на учениците, по квартали, за својата паралелка. Во училиштето навремено се изготвуваат полугодишните и годишните извештаи за успехот и поведението на учениците. Извештаите според паралелки им се доставуваат на увид на педагошката служба и на раководниот кадар и се достапни за сите други наставници, родители и за самите ученици. Во соработка со педагошко-стручната служба наставниците го следат напредокот и на поведението и дисциплината на учениците.

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во електронскиот дневник (Е-дневник) на паралелката.

Целокупната евиденција и документација им е достапна на учениците, родителите и сите други заинтересирани страни. Запознавањето со постигањата на учениците се врши преку родителски средби, издавање на свидетелствата и евидентни листови.

Секоја учебна година се реализираат тестовите (ЕГРА и ЕГМА) на јазична и математичка писменост на учениците од одделенска настава. Афинитетите и напредокот на учениците по одделни наставни предмети се следи и поттикнува со нивно вклучување во ученички секции и клубови. Училиштето го следи и успехот на учениците кои се запишале во средно образование.

Следењето на напредокот е многу добро.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето ООУ „Св. Кирил и Методиј“ – Битола има добар углед и во своето опкружување е препознатливо по својот наставен кадар, по постигањата на учениците во воннаставните активности и по добрата интеракција наставник-родител.

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, ја поддржува етничката различност, и ги вклучува поголемиот број од учениците и дел од родителите во училишниот живот. Училиштето е инклузивно.

Наставничкиот кадар е доста почитуван од страна на учениците и родителите. Во училиштето има позитивни меѓучовечки односи. Постојат голем број примери на тимска работа, соработка и професионален однос кон работата, во редовната настава, воннаставните активности, училишни тимови и проекти. Наставниците и стручните соработници сметаат дека меѓусебната професионална соработка е многу добра, како на ниво на стручни активи, така и на ниво на училиште. Учениците и вработените во голема мера се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Училиштето располага со Куќен ред. Исто така во училиштето се донесени Кодекси на однесување на ученици, родители и наставници за време на наставата. Во училиштето има и Кодекс на облекување. Истите добро се почитуваат.

Училиштето има Правилник за изрекување на педагошки мерки. При прекршување на правилата пропишани со кодексите, за учениците се применува правилникот за изрекување на педагошки мерки. Минатата учебна година биле изречени само 2 педагошки мерки.

Училиштето преку своите програмски документи и низа активности (предавања, работилници и др.) води политика на почитување на разликите по основ на етничка припадност, пол и верска определба. Вработените ги поучуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Директорот, стручните соработници и повеќето наставници постојано одржуваат поттикнувачка атмосфера во училиштето.

Поведението и дисциплината на учениците во училиштето се добри. Минатата учебна година сите ученици биле со примерно поведение. Постои мал број примери на недисциплинирани ученици, со кои училиштето се справува.

Најголемиот број ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. За време на одморите по одреден распоред наставниците дежураат по ходници. За време на часовите сите ученици своите мобилни телефони ги поставуваат на тивок режим и ги оставаат на посебна маса до наставникот. Со тоа во голема мера се постигнува ред на часот.

Учениците и вработените ги почитуваат демократски усвоените правила на однесување на училиштето. Задоволни се од работна атмосфера која се обезбедува за време на наставата и воннаставните активности. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците во училишниот простор, за време на одморите, за време на нивното доаѓање и заминување од училиштето.

Најголемиот број од вработените се трудат да бидат позитивен пример за учениците и со внимание се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста.

Стручните соработници и наставниците сметаат дека проблемите кои настанале со непочитување на правилата на однесување успешно ги надминуваат преку разговори и советувања на учениците и родителите и во последните три учебни години изречени се мал број педагошки мерки.

Ученичката заедница е демократски формирана на сите нивоа. При тоа има поддршка од училишниот психолог. Учениците повремено се вклучени во донесувањето одлуки за прашања што се од нивен непосреден интерес. Во училиштето е избрано дете-правобранител, кое е вклучено во активности од интерес на учениците. Повеќето ученици сметаат дека навремено се информирани од ученичката заедница за работи што се од нивен непосреден интерес.

Училишната клима и односи се добри.

### 5.2. Промовирање на постигањата

Училиштето добро презема активности за да ги промовира постигањата на учениците.

Најголемиот број наставници го користат пофалувањето како начин на мотивирање за поголеми постигања и тоа во одделението, на одделенските совети и на наставнички совет. Училиштето става голем акцент на постигањата на учениците. Најголемиот број на наставници успешно ја организираат средината за учење, со поставување јасни и високи очекувања за успехот, редовноста и дисциплината на учениците.

Промовирањето на постигањата на учениците во рамки на училиштето се врши со доделување на пофалници и награди за време на патрониот празник, на учениците што постигнале високи резултати на натпревари. Во училиштето на видни места се поставени пехари, награди, пофалници и други потврди на успесите на учениците и нивните наставници. Во училиштето има Правилник за избирање на првенец на генерација (од 9 одделение). Истотака, има пракса да се наградуваат ученици кои освоиле високи награди на натпревари или на друг начин го промовирале училиштето. Минатата учебна година училиштето било државен првак во кошарка (иако не располага со спортска сала), по што од локална компанија добило спортска опрема.

Надвор од училиштето постигањата на учениците се промовираат преку фејсбук профилот на училиштето, локални портали и медиуми, како и преку учество на учениците на разни натпревари, конкурси, хуманитарни, културни акции и други воннаставни активности. Училиштето нема web-site и нема училишен весник. Училишните постигања се објавуваат повремено и на официјалната страна на општина Битола. Минатата учебна година еден ученик освоил државно прво место и обезбедил учество на меѓународна олимпијада по природни науки, со што ја промовира и државата.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Најголемиот број од воспитно-образовниот кадар ги знае и ги почитува правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги знаат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Се организираат работилници и со родителите, за да ги запознат со правата на децата.

Најголемиот број ученици и родители сметаат дека вработените во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите на учениците. Еднаквоста и правичноста меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот се зацртани во програмските документи на училиштето. Истите се промовираат преку предавања, работилници и други активности. Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во

рамките на училиштето и пошироко. Постои правичност при изборот на ученици во воннаставните активности.

Училиштето делумно го промовира и прифаќа мултикултурализмот. Нема партнер-училиште. Сите наставници во своите тематски планирања планираат и реализираат МИО активности, а најчесто на одделенски час.

### 5.4. Партнерски однос со родителите со локалната и деловната заедница

Училиштето планира и презема активности со цел да вклучи што поголем број родители во воспитно-образовната работа на училиштето. Добар број родители се вклучуваат во работилници и во дел од воннаставните активности.

Соработката со најголемиот број родители училиштето ја остварува преку индивидуалните и групните родителски средби. Училиштето на законски начин ги избира претставниците на родителите во Училишен одбор. Родител е претседател на Училишен одбор. Советот на родители е активен и има своја програма. Има мал број примери на иницијативи од страна на родителите. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето организирало термини по даден распоред за средби на родителите со наставниците.

Училиштето активно е вклучено во животот на општина Битола преку спроведување на многубројни заеднички активности, во соработка со голем број јавни установи во општината, како и проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Особено треба да се истакни соработката со општина Битола, МВР-Битола, НУ Библиотека, Центар за култура- Битола, Центар за јавно здравје - Битола, Центар за социјални работи, и др.

Училиштето е вклучено во меѓународниот проект „GLOBE“, во кој учениците од хемиската секција континуирано прават анализи на водата на реката Драгор во Битола и потоа он-лајн ги презентираат наодите или други активности. Истотака, училиштето е вклучено во меѓународниот проект „eTwinning“ за еколошки активности, а во соработка за Министерството за животна средина и НВО „Slow food“ се припрема училишна градина во ПУ с. Логоварди.

Училиштето добро соработува со деловната заедница од Битола во насока на обезбедување на средства за подобрување на условите за работа на училиштето и за реализирање на воннаставните активности. Таков е примерот со: ЈП Комуналец -Битола, РЕК-Битола, IW Connect, и др. Училиштето соработува и со Здружението „YMKA“ и др.

Партнерскиот однос со родителите, со локалната и деловната заедница е добар.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Наставата во училиштето се реализира во два училишни објекти, во Битола и во с. Логоварди.

Училиштето во Битола е лоцирано на адреса Булевар „Први Мај“ бр. 274 во централното градско подрачје. Училишната на два спрата и е под заштита на Управата за заштита на културното наследство. Училишната зграда е од тврда градба, со вкупна површина од 2233м². Училиштето располага со 12 училници за групна настава, 2 кабинети (информатика и природни науки), 1 библиотека, 4 канцеларии и просторија за помошно-техничкиот персонал. Училиштето има недостаток од училишен простор за дополнителна/додатна настава и вонаставни активности. Затоплувањето во објектот е со инвертер-климатизери (конфејлери), а осветлувањето е со неонски светилки. Санитарните јазли се добри.

Училишниот двор е делумно хортикултурно уреден со зимзелени дрвја и други растенија. Пред главниот влез на училиштето, поставена е заштитна преграда. Училиштето нема спортска сала. Во дворот има спортски терени за спортски активности на отворено. Училишниот простор е ограден, а дворот од задната страна е асфалтиран. Постои потреба од доуредување на задниот двор.

Во ПУ с. Логоварди наставата се реализира во зграда од тврда градба од 2001 година. Училишната зграда е добра, приземна, просториите се убаво уредени. Пристапот до училиштето е по асфалтиран пат и цементирана патека. Одржувањето на хигиената е многу добро. Затоплувањето е со печки на дрва, а тоалетите се со чучавци. Училишниот двор е ограден и има училишна ботаничка-органска градина. Нема спортска сала.

Просторните капацитети се максимално искористени. Во училиниците има доволно простор т.е. има ергономски услови за настава, бидејќи паралелките бројат помалку од 30 ученици.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Училиштето добро располага со потребниот број нагледни средства и други технички помагала. Во училиштето нема компјутери за потреби на наставата. Во три училници има поставено 3 интерактивни СМАРТ табли. А за потребите на наставата наставниците користат сопствени лаптопи. Освен тоа, училиштето добро располага со принтери и друга помошна технологија и потрошен материјал. Во основното училиштето има безжичен wi-fi интернет во целиот училишен простор, а во подрачното училиште нема wifi интернет.

Кабинетот по природни науки минатата учебна година е опремен со соодветна опрема, апарати и потрошен материјал. Постои потреба од негово доопремување со опрема за експериментална настава и негово инфраструктурно уредување.

Училишната библиотека е уредна и опремена со неопходен инвентар, располага со 1 компјутер и има интернет сигнал. Библиотеката располага со 7229 наслови и 231 наслови стручна литература. Работното време на библиотеката е истакнато на влезот, и е во една смена. Работи еден библиотекар, кој има програма за работа. Евиденцијата во библиотеката се води писмено и електронски. Работата на библиотеката ја помагаат учениците од библиотекарската секција.

Во текот на учебната година се вршат набавки на потрошен материјал, кои добро ги задоволуваат реалните потреби на училиштето. Навремено се врши набавка на дезинфекциски средства и други потрошни материјали за непречено одвивање на наставниот процес.

### 6.3. Обезбедување на потребниот наставнички кадар

Во учебната 2023/24 година, во училиштето настава реализираат 36 наставници, од кои 29 наставници се на неопределено работно време, а 7 наставници се вработени на определено работно време. За оваа учебна година 2 наставници дополнуваат од друго училиште. За 1 наставен предмет е ангажиран несоодветен наставник. Еден наставник има звање ментор. Работата на наставниот кадар е потпомогната од педагог и психолог, еден библиотекар, директор, како и административно техничкиот персонал: секретар, економ, благајник, 5 хигиеничари, и 1 хаусмајстор.

Педагогот и психологот на училиштето многу добро им помагаат на наставниците во организирањето на наставата, следењето на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање соодветна помош. Стручните соработници во својата програма за работа планираат и спроведуваат разни активности за работа со учениците и наставниците и секогаш се отворени за соработка.

Ефективноста на наставниците и нивното распоредување е многу добра. При распределба на кадарот се земаат во предвид квалитетите, искуството и експертизата на наставниците. Вработените го почитуваат работното време. Редовноста и извршувањето на работните задачи се контролира од страна на раководниот орган. Во случаи на отсуство на наставник се наоѓа соодветна замена.

### 6.4. Следење на развојните потреби на кадарот

Во училиштето добро се следат потребите на наставниците за професионален развој. Има План за професионален развој на наставниците и стручните соработници со конкретизирани активности. Наставниците поседуваат лични планови за професионален и кариерен развој. Во учебната 2023-24 година има еден наставник-приправник и за истиот има определено ментор и изготвено програма. Од увидот во професионалното досие на наставниците се констатирани добар број на реализирани обуки кај повеќето наставници. По реализираните обуки и семинари во училиштето се вршат дисеминации. Наставниците имаат портфолија и навремено ги ажурураат секоја учебна година.

### 6.5. Финансиско работење во училиштето

Училиштето секоја година донесува финансов план како и извештај за финансиското работење на училиштето со одлука на Училишниот одбор. На сопствената жиро сметка (787) училиштето остварува прилив на средства од издавање на училишен простор на ресторан, на снек-бар (2 автомати), препис на сведителства. Во ПУ с. Логоварди училишната ливада се издава на приватно лице за косење. Последните години немало прилив на средства од упис на година и полагање на испити од лица за образование на возрасни. Училиштето повремено врши набавки за подобрување на воспитно-образовниот процес.

Во училиштето има формирано комисија за јавни набавки. Истата спроведува јавни набавки од мала и голема вредност. Во училиштето нема лице со лиценца за јавни набавки, и се ангажира надворешно лице за оваа потреба. Финансиското работење е транспарентно и домаќинско.

## 7. УПРАВУВАЊЕ/РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО И КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКА НА УЧИЛИШТЕТО

### 7.1. Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор (УО) е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Членовите на УО се со легитимен мандат, но немаат сите членови поминато обука за својата работа. Од членовите кои биле на обука извршена е дисиминација на останатите членови. Претседател на УО е родител.

Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат записници. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи. Работењето на училишниот одбор е транспарентно.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, вд директорот и локалната самоуправа е на добро ниво.

В.Д. директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.

### 7.2. Цели и креирање на образовната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини).

Училиштето има изработено самоевалуација во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат.

Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето. Во Програмата целите на развојната политика се прецизни, и јасно отсликани и сите опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување.

# Наоди и препораки

### Јаки страни

- ✓ Училиштето има добар углед и имиџ,
- ✓ Климата и меѓучовечките односи се добри,

- ✓ Училиштето многу добро води грижа за учениците со здравствени и емоционални проблеми,
- ✓ Следењето на напредокот на учениците е многу добар,
- ✓ Постои еднаков и правичен третман кон сите ученици,
- ✓ Искористеноста на просторните капацитети е добра,
- ✓ Работењето на педагошко-стручната служба е многу добро.

**Слаби страни**

- ✓ Нема партнер училиште за меѓуетничка интеграција,
- ✓ Нема фискултурна сала,
- ✓ Во основното и во подрачното училиште нема пристапна рампа за влез на лица со физичка попреченост,
- ✓ Кабинетот по природни науки не е целосно опремен и инфраструктурно уреден,
- ✓ Нема компјутери во наставата, потребно е да се набави компјутерска опрема за учениците.

**Препораки:**

- ✓ **Да се превземат активности за обезбедување на партнер училиште за меѓуетничка интеграција,**
- ✓ **Да се превземат дополнителни активности за изградба на фискултурна сала,**
- ✓ **Во основното и во подрачното училиште да се обезбеди пристапна рампа за влез на лица со физичка попреченост,**
- ✓ **Кабинетот по природни науки да се доопреми и инфраструктурно уреди,**
- ✓ **Да се набави компјутерска опрема за учениците.**

| | |
|---|---|
| Кочо Прчковски, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Весна Корлевска, Инспектор | |
| Антониела Стојаноска, Инспектор | |